# МАКЕДОНКА АНДОНОВА

дизајн-стакло

По враќањето од Белградската академија за применета уметност, каде го заврши своето уметничко образование во класата на професорот Иван Табаковиќ, во 1970 год., МАКЕДОНКА АНДОНОВА активно се вклучи во творечкиот процес на индустриското обликување, односно дизајнот-со сета своја свежина и вонредно чувство за современ израз и за потребите на времето во кое живее и создава. Ваквото дејствување на Андонова е резултат на повеќе претходно направени проекти (дела), во кои до совршенство е усогласена утилитарната намена на предметот со чистата форма, во потенцирањето на природните својства и можности на стаклото, односно кристалот.

Во периодот на општото будење на свеста за потребата и значењето на модерен дизајн, таа во оваа смисла даде евидентен допринос во новите сваќања за целта и третманот на современиот дизајн со нејзините препознатливи и оригинални решенија во модерното индустриско обликување на стаклото а потоа и во керамиката.

Во прилог на ваквото размислување во облагородувањето на материјалот, треба да се истакне дека Андонова е прв уметнник во Македонија која истражува и дава чисти скулпторски решенија во стаклото како основен материјал.

Сепак, она што го карактеризира нејзиниот дизајн, а поврзувајќи го со нејзиното поранешно творештво, е пред сѐ почитувањето на основните законитости на употребниот предмет и почитувањето на цртежот, ослободен од вообичаената наративност и знаковност, поврзани со елементите на наводната традиција.

Во сегашниот творечки миг нејзиниот дизајн ја запоставува класичната улога на калапот во завршниот третман при создавањето на делото, за сметка на одредена уникатност и свесно потенцирање на замавот, односно експресивноста на формата.

Во воспоставувањето на ваквите односи на мерки (со потенцирање на суптилното и современото со проширени употребни улоги),

Андонова на свој особен начин покажува дека нејзиното уметничко кредо е во интуитивното применување на основните принципи во модерниот дизајн.

Секако дека таа како дизајнер не ги прифаќа овие принципи како готов импорт од туѓи решенија и диктати на одредена културна состојба и вкус, туку во својот сложен креативен процес ги надградува, интервенира и уметнички доградува со очигледно сугерирање за одредена композициска условеност на предметот во програмата, односно проектот. Сето ова оди во прилог на веќе спомнатата уникатност и согледувањето на јасното уметничко определување на Македонка Андонова во светот на новото сваќање на современиот дизајн.

Богдан Видое Мусовиќ

# МАКЕДОНКА АНДОНОВА

Родена 1944 во Скопје. Дипломирала 1970 на Академијата за применета уметност во Београд (во класата на проф. Иван Табаковиќ).
Член е на ДЛУПУМ и ДЛУМ.
Живее и работи во Скопје.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1980 — Скопје, скулптура (теракота-стакло)

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ во странство:

1974 — Валори (Франција) Четврто Биенале на интернационалната уметничка керамика,
1980 — Виена, Применета уметност во Југославија,
1981 — Париз, Современа Југословенска керамика,
1985 — Дрезден, Современа Македонска таписерија и керамика.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1968 — 1970 Београд на универзитеските изложби,
Од 1970 — Скопје на сите изложби на ДЛУПУМ,
1971 — Нови Сад, Македонски драгуљи",
— Скопје, „Стакло '72"
1972 — Скопје-Битола, Современа македонска уметност „Млада Генерација II"
1972 — 1975, 1979 и 1981 г. — Скопје, Изложба на жени уметници,
1972, 1973 — Београд, Салон на Југословенско стакло,
1973 — Сарајево, Југословенски дизајн на стакло,
1974 — Приштина, Македонска применета уметност,
1976 — Скопје-Битола-Ресен, Ресенска керамичка колонија,
1977 — Београд-Суботица-Трето триенале на Југословенската керамика
— Скопје, Македонска применета уметност денес,
1978 — Охрид-Приштина-Аранѓеловац, Ресенска керамичка колонија,
— Параќин, Современо Југословенско стакло,
1979 — Скопје, Керамика '79
— Параќин-Београд, Уметничко обликување на стакло,
1980 — Аранѓеловац-Београд, „Свет керамике",
1980 — Суботица-Београд, Четврто триенале на Југословенската керамика
— Струмица, Струмичка ликовна колонија,
— Скопје, Керамика '80
1981 — Приштина-Београд-Бања Лука, „Односот на сликарството, керамиката и скулптурата",

1981, 1982 Скопје, Современа Македонска уметност,
1981, 1982 Скопје, Ситна пластика,
— Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ,
1982 — Београд, Современа Југословенска керамика,
— Куманово, Современа Македонска керамика '82,
1983 — Београд, Суботица, Петто триенале на Југословенската керамика,
— Титов Велес, Керамика '83,
— Скопје, Живот, производство, дизајн ДЛУПУМ,
1984 — Загреб, Прво светско биенале на мала керамика,
— Скопје, Дизајн, '84,
— Сарајево, Уметничка ликовна колонија Почитељ,
1985 — Скопје, Соврем на Македонска керамика,
— Никшиќ, Југословенска современа уметност,
1986 — Херцегнови, Југословенска современа уметност,
— Скопје, Аквизиција 5 на МСУ — Скопје,
1986 — Скопје, Индустриски дизајн '86,
1988 — Скопје, Скопско лето,
— Скопје, Индустриски дизајн '88,
— Београд, Југословенски индустриски дизајн,
1989 — Скопје, Применета уметност и дизајн денес.

КОЛОНИИ И СИМПОЗИУМИ:

Ресенска керамичка колонија 1975 и 1978,
Втор меѓународен симпозиум за обликување на стакло-Параќин 1979,
Меѓународен симпозиум „Свет керамике"—Аранѓеловац 1979,
Меѓународна Струмичка ликовна колонија 1980,
Меѓународна ликовна колонија — Почитељ 1981,
Ликовни сусрет Никшиќ — Херцегнови 1984.

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА:

Втора награда за скулптура „Трансфузија 69" — Београд 1969,
Прва награда за керамика „4 Април" — Београд 1970,
Диплома за добар дизајн од Дизаин центар — Београд 1973,
Диплома за добар дизајн на стакло — Загреб 1973, 1974 и 1976,
Годишна награда на ДЛУПУМ „Бигорски следбеници"-Скопје 1971,
Плакета за добар дизајн — Скопје 1988,
Признание за добар дизајн — Скопје 1988.

Одговорен уредник: Арсеније Јаневски
Уредници на програмата и организатори на изложбата:
Биљана Караѓозовска Милорадовиќ и Михајло Пешев
Фото-графија: Марин Димески-Димес

Печати: Печатница „СТОПАНСКИ ВЕСНИК" — Скоје



KOMPAS
JUGOSLAVIJA

Art KOMPAS

ГАЛЕРИЈА Скопје

Трговски центар — Скопје, четврток 11. 05. 1989 год. во 19,30 ч.